ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:33-206/12

Дата: 18.09.2013

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст МЖСПП) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2012 година.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораката дадена во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека истата е делумно спроведена.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на МЖСПП на ден 31 декември 2012 година, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како значајни ги констатиравме: фактурирање за извршени лабораториски анализи по ставки и цени кои не се предвидени во Правилникот за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката и нецелосно и неправилно спроведен попис на побарувањата.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во МЖСПП треба да преземат активности за измена на Правилникот за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката кој ќе ги содржи сите цени за лабораториски анализи врз основ на кои се врши фактурирањето и целосно и правилно спроведување на пописот на побарувањата.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на МЖСПП при што изразено е негативно мислење за финансискиот извештај Биланс на состојба, позитивно мислење за финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, а за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е позитивно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Абдилаќим Адеми – министер од 04.08.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МЖСПП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Поради прашањата изнесени во делот „Цели и делокруг на ревизијата" ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи..

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.
Пописната комисија не извршила целосен и правилен попис на побарувањата согласно законските прописи и вршено е фактурирање за лабораториски анализи по ставки и цени кои не се предвидени во Правилникот за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката. Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ да обезбедиме основа за изразување на ревизорското мислење за финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 31 декември 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 31.05.2013 кај МЖСПП од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораката дадена во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што констатира дека препораката е делумно спроведена, односно од страна на одговорните лица испратени се опомени пред тужба за наплата на побарувањата, а не се преземени мерки за вршење на попис за застарените побарувања .

Во Прилог 1 кон овој извештај дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.05.2013 година.
Министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 09.08.2013 година достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) заведени во Државниот завод за ревизија под број 33-206/9 од 09.08.2013 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдената состојба во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во Прилог бр.2 на Конечниот извештај.

### 4.1 Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

**Приходи**

4.1.1. МЖСПП има донесено Правилник бр.07-3728/5 од 07.11.2005 година за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката, врз основ на кој Централната лабораторија за животна средина врши анализи и фактурира за извршените лабораториски испитувања. Со извршениот увид во целокупната документација, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на наплатените приходи во вкупен износ од 1.229 илјади денари од причина што за вршење на одредени лабораториски испитувања Централната лабораторија фактурира по ставки и цени кои не се предвидени во Правилникот, што има за ефект наплата на приходи без

постоење на правен основ. Од страна на Централната лабораторија изготвен е предлог за измена на Правилникот, но до денот на вршење на ревизијата истиот не е усвоен од страна на министерството.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат активности за усвојување на предлогот за измена на Правилник за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката, со цел правилна пресметка и наплата на приходите.

**Биланс на состојба**

4.1.2. Пописот на побарувањата по основ на лабораториски испитувања, со состојба на ден 31 декември 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и членовите 31-в и 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Имено, пописната комисија изготвила Извештај од спроведениот попис во која констатирала дека дел од побарувањата во износ од 3.168 илјади денари се застарени побарувања, без да изврши проверка и потврдување на реалноста на искажаните побарувања, не ја утврдила правната основа за постоење на истите, не потврдила дека ненаплатените побарувања се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, дали и какви мерки се превземени за наплата на застарени побарувања и не дала предлог за начинот на постапување со истите.
Ваквиот начин на спроведување на пописот го зголемува ризикот од нереално и необјективно прикажување на побарувањата во Билансот на состојбата на ден 31.12 2012 година.

**Препорака**

Одговорното лице на министерството да преземе мерки и активности за спроведување на пописот на побарувањата на начин предвиден со законските одредби.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.1 од овој извештај, која се однесува на фактурирање за вршење на лабораториски анализи по ставки и цени кои не се предвидени во Правилникот за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката и нецелосно и неправилно спроведен попис на побарувањата, ревизијата не беше во можност да ги квантифицира ефектите врз финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), но поради значајноста на утврдените слабости, ревизијата се воздржа од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на МЖСПП прифатени се и извршени корекции на позицијата Пасивни временски разграничувања во износ од 104 илјади денари и позициите Меѓусебни побарувања во односите со буџетот во износ од 90 илјади денари и Побарувања во износ од 14 илјади денари.Со извршените корекции намалени се соодветните позиции во Билансот на состојба за износот на побарувањата кои во текот на 2012 година се наплатени од страна на МЖСПП.

Корекциите се спроведени во налог број 400001 од 21.03.2013 и налог број 400045 од 13.05.2013 година.

Скопје, 22.08.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 1.857 | 1.067 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 257 | 84 |
| **Вкупно приходи** | | **2.114** | **1.151** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1.429 | 580 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 364 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.793** | **580** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 17 | 314 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **17** | **314** |
| **Вкупно расходи** | | **1.810** | **894** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.4.** | **304** | **257** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.5.** | **304** | **257** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 (во 000 денари) |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 338 | 257 |
| Побарувања | 4.1.2. | 5.598 | 4.940 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 2 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 2 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 402 | 114 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.342** | **5.311** |
| **Вкупна актива** | | **6.342** | **5.311** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 31 | 114 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.2. | 112 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 6.199 | 5.197 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6.342** | **5.311** |
| **Вкупна пасива** | | **6.342** | **5.311** |

ПРЕПОРАКИ ПО ИЗВЕШТАЈ ОД ДЗР ЗА СМЕТКА 787

| РЕД. БР. | НАОД | ПРЕПОРАКА | СТАТУС НА ПРЕПОРАКАТА |
|---|---|---|---|
| **4.1** | **Финансиски извештаи**<br><br>**Биланс на приходи и расходи**<br><br>**Приходи** | | |
| 4.1.1. | МЖСПП има донесено Правилник бр.07-3728/5 од 07.11.2005 година за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката, врз основ на кој Централната лабораторија за животна средина врши анализи и фактурира за извршените лабораториски испитувања. Со извршениот увид во целокупната документација, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на наплатените приходи во вкупен износ од 1.229 илјади денари од причина што за вршење на одредени лабораториски испитувања Централната лабораторија фактурира по ставки и цени кои не се предвидени во Правилникот, што има за ефект наплата на приходи без постоење на правен основ. Од страна на Централната лабораторија изготвен е | 1. Одговорните лица во министерството да преземат активности за усвојување на предлогот за измена на Правилник за трошоците за работите извршени надвор од управна постапка по барање на странката, со цел правилна пресметка и наплата на приходите. | Предлог измените на правилникот за трошоци за работите извршени надвор од управна постапка се направени и се на одобрување кај Директорот на Управата за животна средина. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | предлог за измена на Правилникот, но до денот на вршење на ревизијата истиот не е усвоен од страна на министерството. | | |
| 4.1.2 | Пописот на побарувањата по основ на лабораториски испитувања, со состојба на ден 31 декември 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и членовите 31-в и 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Имено, пописната комисија изготвила Извештај од спроведениот попис во која констатирала дека дел од побарувањата во износ од 3.168 илјади денари се застарени побарувања, без да изврши проверка и потврдување на реалноста на искажаните побарувања, не ја утврдила правната основа за постоење на истите, не потврдила дека ненаплатените побарувања се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, дали и какви мерки се превземени за наплата на застарени побарувања и не дала предлог за начинот на постапување со истите.<br>Ваквиот начин на | 1. Одговорното лице на министерството да преземе мерки и активности за спроведување на пописот на побарувањата на начин предвиден со законските одредби. | Министерот во септември ќе формира комисија за извршување на вонреден попис и за побарувањата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | спроведување на пописот го зголемува ризикот од нереално и необјективно прикажување на побарувањата во Билансот на состојбата на ден 31.12 2012 година. | | |

**Прилог бр.2**

ОДГОВОР

**на забелешките по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 09.08.2013 година достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) заведени во Државниот завод за ревизија под број 33-206/9 од 09.08.2013 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на наодот од **точката 4.1.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неправилна пресметка и наплата на приходи, **претставува известување** за превземени активности за спроведување на дадените препораки, за што не се доставени дополнителни докази.

2. Забелешката на наодот од **точката 4.1.2.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неправилно и нецелосно извршениот попис на побарувањата по основ на лабораториски испитувања, **претставува известување** за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за спроведување на дадените препораки.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________________
2. ________________
3. ________________
4. ________________